Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА МАКЕДОНСКИ НАРОДЕН ТЕАТАР
INSTITUCIONI KOMBËTAR TEATRI POPULLOR MAQEDONAS
Скопје / Shkup
Влезен број: 16.05.06
Број: 192
Прилог: 6
Вредност:
Архивски знак:
Рок на чување:
Потпис:

Република Северна Македонија
Министерство за култура

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës

Бр. УП1 18 - 219/2019
14.02 2020 год.
Скопје

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02,82/08, 167/10 и 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19, 110/19 и 154/19) и член 70 став (5) од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), министерот за култура го донесе следново:

РЕШЕНИЕ

1. Проектите содржани во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје за 2020 година, доставени до Министерството за култура под бр. УП1 18-219 од 28.06.2019 година:

1.1	**Драмска дејност**
1.1.1	„Идиот" - автор Ф.М.Достоевски, режија Слободан Унковски
1.1.2	„Диво месо" - автор Горан Стефановски, режија Вито Тауфер
1.1.3	„Човечкиот глас" - автор Жан Кокто, режија Маријан Нечак
1.1.4	Театарска работилница „Нова Европска драма", модератор Дејан Дуковски
1.2	**Меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО**
1.2.1	Гостување со претставата „Макбет" на Седмиот драмски фестивал во организација на Словенско Народно Гледалишче во Љубљана и во Словенско Народно Гледалишче во Марибор, Словенија
1.3	**Литература и издавачка дејност**
1.3.1	Монографија на НУ Македонски народен театар – 1991/2020 – „Театарот низ фотографии" од Кире Галевски
1.4	**Инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост**
1.4.1	Одржување, сервисирање и замена на делови на сценска расвета

СЕ ИЗБИРААТ ЗА ПРОЕКТИ ОД НАЦИОНАЛЕН ИНТЕРЕС ВО КУЛТУРАТА ЗА 2020 ГОДИНА.

2. За финансирање на проектите од точка 1 на ова решение се доделуваат финансиски средства во висина од:

2.1	**Драмска дејност**	
2.1.1	„Идиот“ - автор Ф.М.Достоевски, режија Слободан Унковски	4.200.000
2.1.2	„Диво месо“ - автор Горан Стефановски, режија Вито Тауфер	3.700.000
2.1.3	„Човечкиот глас“ - автор Жан Кокто, режија Маријан Нечак	1.200.000
2.1.4	Театарска работилница „Нова Европска драма“, модератор Дејан Дуковски	340.000
	Вкупно	**9.440.000**
2.2	**Меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО**	
2.2.1	Гостување со претставата „Макбет“ на Седмиот драмски фестивал во организација на Словенско Народно Гледалишче во Љубљана и во Словенско Народно Гледалишче во Марибор, Словенија	1.174.092
	Вкупно	**1.174.092**
2.3.	**Литература и издавачка дејност**	
2.3.1	Монографија на НУ Македонски народен театар – 1991/2020 – „Театарот низ фотографии“ од Кире Галевски	200.000
	Вкупно	**200.000**
2.4	**Инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост**	
2.4.1	Одржување , сервисирање и замена на делови на сценска расвета	590.000
	Вкупно	**590.000**
	СЕВКУПНО	**11.404.092**

3. Проектите содржани во Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје за 2020 доставени до Министерството за култура под бр. УП1 18-219 од 28.06.2019 година:

3.1	**Драмска дејност**
3.1.1	„Натрапникот“ - автор Франсис Вебер, режија Јордан Симонов
3.2	**Инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост**
3.2.1	Одржување , сервисирање и резервни делови, системот за климатизација
3.2.2	Одржување , сервисирање и резервни делови, за клима ормари
3.2.3	Одржување , сервисирање и резервни делови, за топлински пумпи

3.2.4	Поправка и тековно одржување на сценски технологии - горен и долен погон
3.2.5	Редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат
3.2.6	Редовно одржување на системот за автоматско управување и мониторинг на климатизацијата (БМС)
3.2.7	Редовно одржување, сервисирање и резервни делови за против пожарен систем
3.2.8	Одржување, сервисирање, атест и резервни делови на лифтови
3.2.9	Одржување, сервисирање и резервни делови ПП апарати и хидрантска мрежа
3.2.10	Редовно одржување на сценскиот под
3.3	**Визуелни уметности, архитектура и дизајн**
3.3.1	Актерот на МНТ (работен наслов)

СЕ ОДБИВААТ.

4. Министерството за култура и директорот на националната установа ќе склучат договор за финансирање на Годишната програма за работа на националната установа за 2020 година во кој ќе бидат содржани проектите од точката 1 на ова решение.

5. Ова решение влегува во сила од денот на неговото донесување.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно член 70 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16и 11/18), директорот на националната установа во јуни во тековната година за наредната година до Министерството за култура доставува нацрт годишна програма за работа на установата. Во Нацрт-годишната програма се изразени средствата потребни за: програмски активности, оперативни трошоци на установата, плати и други надоместоци за вработените и за надворешните соработници кои ќе се ангажираат за остварување на програмата, материјалните трошоци и трошоците за инвестициско одржување, осигурување, адаптација и набавка на опрема за установата. Во нацрт-годишната програма се изразуваат и средствата кои националната установа планира да ги оствари по други основи како сопствени приходи, приходи од услуги и донации. Нацрт-годишната програма содржи проекти со спецификација на трошоците по намени и активности.

Министерството за култура на ден 06.06.2019 година на својата веб-локација (www.kultura.gov.mk) објави Соопштение за Националните установи од областа на културата за доставување на Нацрт годишна програма за 2020 година.

Националната установа Македонски народен театар од Скопје, со допис бр УП1 18-219 од 28.06.2019 година до Министерството за култура достави Нацрт годишна програма за работа на установата за 2020 година.

Согласно член 70 став (5) од Законот за културата, за проектите во Нацрт-годишната програма одлучува министерот за култура на предлог на комисиите, односно надворешни соработници од член 11 став (4) од Законот, во рок од 45 дена од денот на донесувањето на Буџетот на Република Македонија.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 19 – 14313/4 од 30.12.2019 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектите:

1	„Идиот“ - автор Ф.М.Достоевски, режија Слободан Унковски
2	„Диво месо“ - автор Горан Стефановски, режија Вито Тауфер
3	„Човечкиот глас“ - автор Жан Кокто, режија Маријан Нечак
4	Театарска работилница „Нова Европска драма“, модератор Дејан Дуковски

да се изберат за проекти од национален интерес за културата за 2020 година.

Комисијата за **драмска дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. 19 – 14313/4 од 30.12.2019 год. со кој за Нацрт-Годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје, предложи проектот од точката 3 на ова решение да се одбие од следниве причини:

1	„Натрапникот“ - автор Франсис Вебер, режија Јордан Симонов

бидејќи не е во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Комисијата за **меѓународна соработка и соработка со УНЕСКО** до министерот за култура достави Извештај бр. 33 –14814 /1 од 31.12.2019 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектот:

1	Гостување со претставата „Макбет“ на Седмиот драмски фестивал во организација на Словенско Народно Гледалишче во Љубљана и во Словенско Народно Гледалишче во Марибор, Словенија

да се избере за проект од национален интерес за културата за 2020 година.

Комисијата за **литература и издавачка дејност** до министерот за култура достави Извештај бр. УП1 18-219/2019 од 09.02.2020 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектот:

1	Монографија на НУ Македонски народен театар – 1991/2020 – „Театарот низ фотографии“ од Кире Галевски

да се избере за проект од национален интерес за културата за 2020 година.

Комисијата за **инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост** до министерот за култура достави Извештај бр. 50 – 14693/6 од 30.12.2019 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектот:

1	Одржување , сервисирање и замена на делови на сценска расвета

да се избере за проект од национален интерес за културата за 2020 година.

Комисијата за **инвестиционо и техничко одржување на објекти и опрема од културата во државна сопственост** до министерот за култура достави Извештај бр. 50 – 14693/6 од 30.12.2019 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектите од точката 3 на ова решение да се одбијат од следниве причини:

1	Одржување , сервисирање и резервни делови, системот за климатизација
2	Одржување , сервисирање и резервни делови, за клима ормари
3	Одржување , сервисирање и резервни делови, за топлински пумпи
4	Поправка и тековно одржување на сценски технологии - горен и долен погон
5	Редовен технички преглед на платформи, лифтови и дигалки со издавање сертификат
6	Редовно одржување на системот за автоматско управување и мониторинг на климатизацијата (БМС)
7	Редовно одржување, сервисирање и резервни делови за против пожарен систем
8	Одржување, сервисирање, атест и резервни делови на лифтови
9	Одржување, сервисирање и резервни делови ПП апарати и хидрантска мрежа
10	Редовно одржување на сценскиот под

бидејќи не се во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Комисијата за **визуелни уметности, архитектура и дизајн** до министерот за култура достави Извештај бр. 22–14810/1 од 31.12.2019 год. со кој за Нацрт-годишната програма за работа на Националната установа Македонски народен театар од Скопје предложи проектот од точката 3 на ова решение да се одбие од следниве причини:

1	Актерот на МНТ (работен наслов)

бидејќи не е во согласност со приоритетите на Министерството за култура и не може да се утврди националниот интерес.

Согласно со член 70 став (7) од Законот за културата, Годишната програма за работа на националната установа ја донесува директорот на установата по претходна согласност на управниот одбор, во рок од 15 дена од денот на донесувањето на ова решение.

Согласно со член 70-а од Законот за културата, Министерството за култура и директорот на националната установа склучуваат договор за финансирање на годишната програма за работа на националната установа.

Имајќи го предвид напред наведеното, министерот за култура одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова Решение во рок од 30 дена од денот на неговото доставување може да се поведе управен спор пред надлежниот суд.

МИНИСТЕР

Dr. Hysni Ismaili

Доставено до:
-Националната установа
- архивата на Министерството за култура

Подготви: Бесим Ибрахими, виш соработник
Љубица Стефановска, виш соработник
Согласен: Снежана Иванова Китанова, помошник раководител на сектор
Ирина Кроткова, помошник раководител на сектор
Хајрие Сопи, помошник раководител на сектор
Гордана Стојанова, раководител на одделение
Марија Ѓоргова, раководител на одделение
д-р Билјана Туџаровска Ќупева, раководител на одделение
Контролирал: Afed Jashari, кабинетски службеник
Majlinda Hoxha Berisha, кабинетски службеник
Ismail Mislimi, кабинетски службеник
Одобри: м-р Снежана Ристовска, државен советник
м-р Ирина Димовска, државен советник
Владимир Попоски, раководител на Сектор